**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-328/3 од 05.06.2024 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл.в на РМ бр:53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), Општина Гевгелија на ден 31.05.2024 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 178/1 и КП 178/2 КО Габрово, општина Гевгелија, со намена Г4.1 – стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор согласно Законот за урбанистичко планирање со тех.бр. 0701-072 од 17.10.2023 год. изработен од ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија, не е потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гевгелија на следната веб адреса: www.gevgelija.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 178/1 и КП 178/2 КО Габрово, општина Гевгелија, со намена Г4.1 – стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор, согласно Законот за урбанистичко планирање нема да има влијание врз животната средина.

4. Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

| Податоци за органот кои го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 178/1 и 178/2 КО Габрово, општина Гевгелија со намена Г4.1 – стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДГАТП ,,СТОУН ФОРМ,, дооел Гевгелија |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Гевгелија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за изработка на планскиот документ** | Александра Александрова – Кирова, д.и.а |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 071/ 321-453 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр.законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Изработката на на овој плански документ се спроведува согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20) и Правилникот за Изменување и дополнување на правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.219/21, 104,22 и 99/23). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот** | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување** | | | |
| Не. Планскиот документ се носи по прв пат. Нема претходни важечки и неважечки плански документации за истиот опфат. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да - Просторно и урбанистичко планирање | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинеата под која е определен. (пр. Член 3, точка 1, алинеа 5)** | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 65 | Точка: 2 | Алинеа:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Опфатот кој е предмет на оваа проектна документација, ги зафаќа катастарските парцели 178/1 и 178/2 во КО Габрово, а припаѓа на Општина Гевгелија и е со површина од 2.192 м2. Од вкупната површина на проектниот опфат, се формира една градежна парцела со површина од 2.192 м2 со намена Г4.1 – Стоваришта за складирање на стока на затворен/отворен простор на КП 178/1 и КП 178/2 КО Габрово, општина Гевгелија. Границата на проектниот опфат е дефинирана со двете катастерски парцели 178/1 и | | | |

| |
|---|
| 178/2. Опфатот кој е предмет на разработка на исток граничи со КП 179, на запад со КП 118/1, додека од другите страни граничи со КП 46. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**<br><br>Со овој Урбанистички проект потребно е да се формира градежна парцела, да се дефинира основната класа на намена согласно имотен лист 327 и 222 КО Габрово, како и начините на употреба на земјиштето, да се дефинираат потребните површини за градба во рамки на парцелата, односно да се дефинираат сите можности за развој на локацијата. Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Предмет на планскиот документ е планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| / |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**<br>Опфатот кој е предмет на оваа проектна документација, ги зафаќа катастарските парцели 178/1 и 178/2 во КО Габрово, а припаѓа на Општина Гевгелија и е со површина од 2.192м2. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).** | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој план, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија**:<br>Реализацијата на планот ќе допринесе за рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на инфраструктурата и градбите со теренот, нови работни места за населението, подобра бизнис клима, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард.<br>**Очекувани негативни влијанија**:<br>Новоизградените објекти во планскиот опфат може да бидат потенцијални извори на емисии кои негативно може да влијаат врз медиумите од животната средина и здравјето на населението доколку не се соодветно управувани. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад(комунален), во фазата на градба на предвидениот објект. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Со примена на мерки за намалување или избегнување на влијанијата не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Не се очекуваат ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии од предвидените активности во опфатот. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на** | Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението. |

| | |
|---|---|
| **популацијата која ќе биде засегната)** | Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.<br>Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.<br>Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, во општина Гевгелија регистрирани се вкупно 21.582 жители.<br>Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во текот на постапка да се побара и мислење од Управа за Заштита на Културното Наследство при Министерството за Култура. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Може да има надминување на стандардите за квалитет на животната средина и исто така може да има и надминување на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Изградбата на објектот со намена Г - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија ќе се гради на земјоделско земјиште кое со уредувањето ќе добие статус на градежно земјиште. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на споменициte на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. |

| | |
|---|---|
| **подрачја.** | |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |
| Со планскиот документ се предвидува изградба на индустирски објект за складирање на стока на отворен или затворен простор за кој не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(ЕІА)-оцена на влијанието врз животната средина. | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** | |
| Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.<br>Од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>**Воздух:** зголемена фрекфенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенс;<br>**Бучава:** зголемено ниво на бучава од превозните средства;<br>**Вода:** на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води. Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата. Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепарациона канализациона мрежа - фекална и атмосферска;<br>**Почва**: Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>**Транспорт**: Зголемена фрекфенција на возила по регионалниот пат;<br>**Енергија:** Зголемена потрошувачка на енергетски ресурси;<br>**Отпад**: Генерирање на отпад.<br>Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. | |

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).** |
| Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на **воздухот** (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на предвидените објекти);<br>- загадување на површинските и подземните **води**(доколку не се придржува инвеститорот до предвидените проекти за водоводна мрежа и фекална и атмосферска канализација);<br>- зголемување на нивото на **бучава** (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата и др.);<br>- зголемување на количината на продуциран **отпад** (како во фаза на реализација, редвидени во планскиот опфат);<br>- уништување на природните реткости;<br>- уништување на пределот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.** |
| Овој плански документ е поврзан со следниве документи:<br>• Просторен пла на РМ;<br>• ЛЕР Гевгелија 2011;<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.** |
| Нема спроведено претходна оценка. |

<table>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за средина кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни,<br>вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник на општина Гевгелија<br>Андон Сарамандов</td></tr>
<tr><td>Датум: 05.06.2024<br>Место:</td><td></td></tr>
</table>

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 08.11.2024

| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

**Арх.бр./Nr. Arkivi.** УП1-15-1298/2024/ UP1-15-1298/2024
Дата/Data: 05-11-2024

ДО: Општина Гевгелија
Ул. Димитар Влахов бр. 4
1480 Гевгелија
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 11-328/4-1 од 16.07.2024 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1298/2024 од 18.07.2024 година поврзано со постапката за носење на планската документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1-Стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор на КП бр. 178/1 и КП бр. 178/2, КО Габрово – Општина Гевгелија, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за Неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина бр. 11-328/3 од 05.06.2024 год. и формуларот бр. б.б. од 05.06.2024 год., Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.

DREJTUAR: Komunës së Gjevgjelisë
Rr. Dimitar Vllahov nr. 4
1480 Gjevgjeli
Republika e Maqedonisë së Veriut

LËNDA: Njoftim
Lidhja: Numri juaj. 11-328/4-1 nga 16.07.2024

Të nderuar,

Në lidhje me Kërkesën tuaj për mendim të dorëzuar në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor - Sektori për Planifikim Hapësinor me nr. UP1-15-1298/2024, nga 18.07.2024 lidhur me procedurën e mbajtjes së dokumentacionit planor të Projektit urbanistik jashtë fushëveprimit të planit urbanistik me qëllim G4.1 - Depo për ruajtjen e mallrave në hapësirë të hapur/mbyllur prej PK nr. 178/1 dhe KP nr. 178/2, KK Gabrovë - Komuna e Gjevgjelisë, Ju njoftojmë se në pajtim me Ligjin për Mjedisin Jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM-së" nr: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39 /16, 99/18 dhe "Gazeta e RMV-së Nr. 89/22 dhe 171/22) Vendimi juaj për Moszbatimin e Vlerësimit Strategjik të Ndikimit në Mjedis Nr. 11-328/3 nga 05.06.2024 dhe formulari nr. p.n. nga 05.06.2024, Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor i pranon.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларот задолжително се објавуваат на вебстраната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularin duhet të publikohet në faqen e internetit të organit e që përgatit dhe e mirëmban dokumentin e planifikimit.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Бајрам Цамиќ, советник/ këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска,
Помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamed Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama